# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ОХРИД

| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | О Х Р И Д<br>07.02.2019 год.<br>БРОЈ 2 ГОДИНА 54 |
|---|---|


## С О Д Р Ж И Н А


| Реден број | Име на одлука | Страна |
|---|---|---|
| 1. | Одлука за давање согласност на План за изменување на годишниот план за вработување за 2019 година. | 7 |
| 2. | Одлука за одржување на јавната чистота на територијата на општина Охрид. | 8 |
| 3. | Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести за 2019 година. | 25 |
| 4. | Одлука за определување зони за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот (објекти) на подрачјето на општина Охрид. | 33 |
| 5. | Одлука за определување на просечна цена за утврдување на пазарна вредност на градежното (неизградено и изградено) земјиште за календарската 2019 година утврдена врз основа на извршените купопродажби во претходната година на подрачјето на општина Охрид. | 43 |
| 6. | Одлука за определување на просечна цена за утврдување на пазарна вредност на земјоделско земјиште утврдено врз основа на извршените купопродажби во претходната година на подрачјето на општина Охрид по катастарски општини. | 55 |
| 7. | Измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Охрид за 2019-2020 година. | 60 |
| 8. | Програма од областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на општина | 61 |

| | | |
|---|---|---|
| | Охрид за 2019 година. | |
| **9.** | План и Програма за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на општина Охрид. | **79** |
| **10.** | Одлука за пренесување на правото на користење на две возила за отпад - сопственост на општина Охрид на ЈП “Охридски Комуналец” – Охрид. | **86** |
| **11.** | Одлука за пренесување на правото на користење на две моторни возила марка „MINI TIPPER BODY WITH HYUNDAI H-100 “ - сопственост на општина Охрид на ЈП“Охридски Комуналец” – Охрид. | **87** |
| **12.** | Одлука за пренесување на правото на користење на моторно возило марка „TUMOSAN 8075 4WD “ - сопственост на општина Охрид на ЈП “Охридски Комуналец – Охрид. | **89** |
| **13.** | Одлука за пренесување на правото на користење на моторно возило марка „FORD TRUCKS 1833 DC “ - сопственост на општина Охрид на ЈП “Охридски Комуналец – Охрид. | **90** |
| **14.** | Одлука за пренесување на правото на користење на моторно возило марка „FORD TRUCKS 2533 DC “ - сопственост на општина Охрид на ЈП “Охридски Комуналец – Охрид. | **92** |
| **15.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградените објекти на Кп.бр. 673 и 675 КО Рамне. | **93** |
| **16.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација,со цел вклопување на бесправно изградените објекти на Кп.бр. 674 КО Рамне. | **94** |
| **17.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградените објекти на Кп.бр. 904/2 КО Оровник. | **95** |
| **18.** | Одлуказа утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградените објекти на Кп.бр. 2 КО Рамне. | **96** |
| **19.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација со цел вклопување на бесправно изградените објекти на Кп.бр.73 КО Лескоец. | **98** |
| **20.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградените објекти на Кп.бр. 94/2 КО Косел. | **99** |
| **21.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградените објекти на Кп.бр. 95 КО Охрид 4. | **100** |
| **22.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградените објекти на Кп.бр. 166 КО Косел. | **101** |
| **23.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградените објекти | **102** |

| | | |
|---|---|---|
| | на Кп.бр. 178 КО Љубаништа. | |
| **24.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградените објекти на Кп.бр. 181/3 КО Љубаништа. | **103** |
| **25.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградените објекти на Кп.бр. 187/4 КО Љубаништа. | **104** |
| **26.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација со цел вклопување на бесправно изградените објекти на Кп.бр.358 КО Охрид 4. | **106** |
| **27.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградените објекти на Кп.бр. 531/3 КО Ливоишта. | **107** |
| **28.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградените објекти на Кп.бр. 541/2 КО Вапила. | **108** |
| **29.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградените објекти на Кп.бр. 562 КО Ливоишта. | **109** |
| **30.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација,со цел вклопување на бесправно изградените објекти на Кп.бр. 592/1 КО Речица. | **110** |
| **31.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградените објекти на Кп.бр. 766/4 КО Косел. | **111** |
| **32.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација,со цел вклопување на бесправно изградените објекти на Кп.бр. 813/4 КО Лескоец. | **112** |
| **33.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација,со цел вклопување на бесправно изградените објекти на Кп.бр. 941/47 КО Оровник. | **113** |
| **34.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградените објекти на Кп.бр. 954/4 КО Оровник. | **114** |
| **35.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградените објекти на Кп.бр. 972 КО Охрид 4. | **115** |
| **36.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградените објекти на Кп.бр. 1120/31 КО Оровник. | **116** |
| **37.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградените објекти на Кп.бр. 1332/1 КО Трпејца. | **117** |

| | | |
|---|---|---|
| **38.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградените објекти на Кп.бр. 1406 и Кп.бр.1416 КО Пештани. | **118** |
| **39.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградените објекти на Кп.бр. 1487/1 КО Пештани. | **119** |
| **40.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградените објекти на Кп.бр. 1499 , 1445/2 и 1443/2 КО Трпејца. | **120** |
| **41.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградените објекти на Кп.бр. 1503 КО Лескоец. | **121** |
| **42.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградените објекти на Кп.бр. 1505 КО Лескоец. | **122** |
| **43.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградените објекти на Кп.бр. 1506 КО Лескоец. | **123** |
| **44.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградените објекти на Кп.бр. 1507 КО Лескоец. | **124** |
| **45.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградените објекти на Кп.бр. 1532 КО Лескоец. | **125** |
| **46.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградените објекти на Кп.бр. 1646/1 КО Пештани. | **126** |
| **47.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградените објекти на Кп.бр. 1658/1 КО Пештани. | **127** |
| **48.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградените објекти на Кп.бр. 1690 КО Лескоец. | **128** |
| **49.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградените објекти на Кп.бр. 1721 КО Лескоец. | **129** |
| **50.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградените објекти на Кп.бр. 1902/6 КО Лескоец. | **130** |
| **51.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградените објекти на Кп.бр. 1931/1 КО Горно Лакочереј. | **131** |
| **52.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградените објекти на Кп.бр. 1946 КО Лескоец. | **132** |

| | | |
|---|---|---|
| **53.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградените објекти на кп.бр. 1974 КО Лескоец. | **133** |
| **54.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградените објекти на Кп.бр. 2019/1 КО Горно Лакочереј. | **134** |
| **55.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградените објекти на Кп.бр. 2029/1 КО Долно Лакочереј. | **135** |
| **56.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградените објекти на Кп.бр. 2040/1 КО Долно Лакочереј. | **136** |
| **57.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградените објекти на Кп.бр. 2098 КО Лескоец. | **137** |
| **58.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградените објекти на Кп.бр. 2139/1 КО Лескоец. | **138** |
| **59.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградените објекти на Кп.бр. 2154/5 КО Лескоец. | **139** |
| **60.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградените објекти на Кп.бр. 2205 КО Лескоец. | **140** |
| **61.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградените објекти на Кп.бр. 2222 КО Лескоец. | **141** |
| **62.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградените објекти на Кп.бр. 2254/1 КО Долно Лакочереј. | **142** |
| **63.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградените објекти на Кп.бр. 2372/1 КО Охрид 4. | **143** |
| **64.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградените објекти на Кп.бр. 2395/1 КО Долно Лакочереј. | **144** |
| **65.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградените објекти на Кп.бр. 2398 КО Долно Лакочереј. | **145** |
| **66.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградените објекти на Кп.бр. 2419/1 и Кп.бр.2420/1 КО Лескоец. | **146** |
| **67.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградените објекти на Кп.бр. 2422 КО Лескоец. | **147** |

| | | |
|---|---|---|
| **68.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградените објекти на Кп.бр. 2471 КО Лескоец. | **148** |
| **69.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградените објекти на Кп.бр. 2479 КО Лескоец. | **149** |
| **70.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградените објекти на Кп.бр. 2513/1 КО Долно Лакочереј. | **150** |
| **71.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградените објекти на Кп.бр. 2587 КО Коњско. | **151** |
| **72.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградените објекти на Кп.бр. 2662/1 КО Коњско. | **152** |
| **73.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградените објекти на Кп.бр. 3103 КО Коњско. | **153** |
| **74.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградените објекти на Кп.бр. 3137 КО Коњско. | **154** |
| **75.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградените објекти на Кп.бр. 5851/1 КО Охрид 4. | **155** |
| **76.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградените објекти на Кп.бр. 6137/1 КО Охрид 4. | **156** |
| **77.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградените објекти на Кп.бр. 3150 КО Коњско. | **157** |
| **78.** | Јавна објава | **158** |
| **79.** | Јавна објава | **158** |
| **80.** | Јавна објава | **159** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПЛАН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ЗА 2019 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** одлуката за давање согласност на План за изменување на годишниот план за вработување за 2019 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 05.02.2019 година.

**Број 09-1620/80** **ОПШТИНА ОХРИД**
**05.02.2019 год.** **Вршител на должноста Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), а во врска член 32 од Законот за административни службеници („Сл.весник на РМ“ бр 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016 и 142/2016), член 20-а и член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл.весник на РМ“ бр.27/2014, 199/2014 и 27/2016) и Методологијата за планирање на вработувањата во јавниот сектор согласно со начелото за соодветна и правична застапеност, како и формата, содржината и образецот на годишниот план за вработување и извештајот за реализација на годишниот план за вработување, Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 05.02.2019 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПЛАН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ЗА 2019 ГОДИНА**

**Член 1**

Се дава согласност на План за изменување на годишниот план за вработување во Општина Охрид за 2019 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-1620/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**05.02.2019 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** одлуката за одржување на јавната чистота на територијата на општина Охрид , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 05.02.2019 година.

**Број 09-1620/81**
**05.02.2019 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Вршител на должноста Градоначалник**
**д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 10 од Законот за јавна чистота („Сл.весник на РМ“ бр.111/08, 64/09, 88/10, 114/10,130/10, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15 и 31/16 ), Законот за управување со отпад ( Сл.весник на РМ бр. 68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 143/08, 82/09, 124/10, 09/11, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13,51/15, 146/15, 156/15, 192/15, 39/16 и 63/16 ), Законот за комунални дејности ( Сл.Весник на РМ 95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16 и 64/18 ) и Законот за урбано зеленило ( Сл.весник на РМ бр. 11/18 ), член 36 став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“бр.5/02), а согласно член 18 од Статутот на општина Охрид, („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07, 01/08, 10/10, 5/11, 9/14 и 14/14), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 05.02.2019 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со оваа оваа Одлука се уредуваат условите и начинот на одржување на јавната чистота, правата и обврските на учесниците во одржувањето на јавната чистота, површините и објектите на кои се врши одржување на јавната чистота, собирање на отпад, чистење на снег и мраз во зимски услови и уредување на урбано зеленило.

**Член 2**

Одржувањето на јавната чистота, собирањето на отпадот, чистењето на снегот во зимски услови и подигањето и одржувањето на јавното зеленило се дејности од јавен интерес од локално значење.
Одржувањето на јавната чистота, собирањето на отпадот, како и подигањето и одржувањето на јавното зеленило од став 1 на овој член ќе го врши Ј.П.„Охридски Комуналец “ во понатамошниот текст давател на услугата.

**Член 3**

Одржување на јавната чистота во смисла на оваа Одлука подразбира чистење, метење и миење на јавните сообраќајници ( отстранување на кал и прав, собирање и отстранување на отпадоци, миење на клупи, празнење на корпи за ситен отпад поставени на јавните површини), трајно и квалитетно чистење на отворените простори на јавните објекти, на неизградено земјиште сопственост на физички и правни лица и на дворовите на колективните и индивидуалните објекти за домување, заради обезбедување на здрава и чиста животна средина.

Собирање на отпад е отстранување на создадениот отпад од одржувањето на јавната чистота на јавните површини и објектите и сместување во садови за смет, како и подигање, транспортирање, селектирање и депонирање на комунален и друг неопасен отпад .

Уредувањето на урбано зеленило подразбира планирање, проектирање, подигање, заштита и реконструкција на зелените површини во границите на плански опфат на урбанистички план, како и зелените површини во непосредна близина на градот, надвор од плански опфат, како парк -шуми, спортско- рекреативни објекти и др.

## II. УСЛОВИ И НАЧИН НА ОДРЖУВАЊЕТО НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА

**Член 4**

Одржувањето на јавната чистота на јавните површини и отворени простори на јавните објекти се врши на: улици, тротоари, велосипедски патеки, плоштади, кејови, надвозници, мостови и паркиралишта, скалила кои ги поврзуваат површините на јавен сообраќај, градски паркови, улични тревници, видиковци, автобуски и такси постројки, јавни телефонски говорници, спортско-рекреативни објекти (спортски и детски игралишта), јавни санитарни објекти, јавни капалишта и отворени простори на национални и други јавни објекти.

**Член 5**

Одржувањето на јавната чистота, како и рачното и машинско чистење на снегот и мразот во зимски услови на јавните површини, освен на локалните патишта и улици и отворените површини на јавните објекти ги врши ЈП„Охридски Комуналец“-Охрид.

Одржувањето на јавна чистота чистењето на снегот и мразот на отворените простори на јавните објекти во општинска сопственост го врши општината.

Одржувањето на јавна чистота и чистењето на снегот и мразот на објекти во приватна сопственост и на дворните површини на јавните објекти го врши сопственикот на објектот.

Одржувањето на јавна чистота и чистењето на снегот и мразот во колективните станбени згради ја врши заедницата на сопственици односно управителот.

Одржувањето на јавната чистота и чистењето на снегот и мразот на неизградено градежно земјиште сопственост на физички и правни лица на територија на општината го врши сопственикот на земјиштето.

**Член 6**

Корисниците, односно сопствениците на отворените простори на јавни објекти (училишта и градинки, локални и национални установи, индивидуални и колективни станбени згради) се должни истите уредно да ги одржуваат на начин со кој не се нагрдува и деградира просторот во урбаните средини, редовно да го отстрануваат сметот од истите, како и редовно да го чистат снегот и мразот во зимски услови.

**Член 7**

За вршење на работите за одржување на јавната чистота од член 2, став 1, Советот на општина Охрид , на крај на тековната година, донесува Годишни програми кои ги содржат

видот и обемот на работите што треба да се извршат, финансиските средства, временските рокови за извршување на работите, динамиката и начинот на вршење на работите.

Во оправдани случаи, при загадување на јавните и сообраќајните површини поради временски непогоди, реконструкции и слично, Секторот за комунални дејности, сообраќај и улици, при општината може да определи чистење на јавни и сообраќајни површини надвор од донесената Програма од став 1.

**Член 8**

Секое физичко и правно лице е должно да се грижи за одржување на јавната чистота.

**Член 9**

За одржување на јавната чистота се плаќа надоместок.

Висината на надоместокот за одржување на јавната чистота се утврдува врз основа на изграденоста, уреденоста на јавните површини на територија на Општина Охрид и потребата – обемот за одржување на јавната чистота за физички лица и правни лица во зависност од дејноста која ја вршат.

**Член 10**

За физичките лица, односно домаќинствата, сопствениците или корисниците на објекти за домување на територија на општина Охрид надоместокот за одржување на јавната чистота изнесува 50,00 ден. месечно паушал.

За правните лица и деловните единици кои извршуваат угостителска дејност, за правните лица и вршителите на угостителска дејност од мал обем, кои се занимаваат со продажба на брза храна, надоместокот за извршената услуга за одржување на јавната чистота изнесува 750,00 ден. месечно .

За правните лица кои извршуваат трговска или друга стопанска дејност, надоместокот за извршената услуга одржување на јавна чистота изнесува 250,00 ден. месечно, односно 150,00 ден. месечно, во зависност од атрактивноста на местоположбата на деловниот простор или објект или фрекфенцијата на луѓе која ја предизвикува со своето работење, односно во зависност дали е во централно или вонцентрално градско подрачје.

За адвокатска и нотарска дејност, за судски извршители, штедилници и менувачници, туристички бироа и агенции, приватни школи, приватни градинки, детски престојувалишта и игротеки, канцеларии за сметководствени и правни услуги, канцеларии за проектански услуги и геодетски работи, канцеларии на судски преведувачи, претставништва на невладини организации и сл. надоместокот за извршената услуга, за одржување на јавната чистота изнесува 150, 00 ден.месечно.

За правни лица кои вршат нестопанска дејност и не се опфатени во ставот 4 од овој член надоместокот за извршената услуга за одржување на јавна чистота изнесува 150,00 ден.месечно.

За сезонски објекти: фрижидери за сладолед, тезги за продажба на пченки, семенки и сл., апарати за пуканки, крофни и детски забавни игри надоместокот за одржување на јавната чистота изнесува 1.500,00 ден, додека за тезги за суванири и ракотворби, за продажба на книги и уметнички фотографии на отворено, цртање на портрети, надоместокот за одржување на јавната чистота изнесува 1.000,00 денари. Надоместокот се утврдува паушално и се однесува за сезонскиот период во текот на календарската година, а сопственикот на објектот е должен надоместокот да го исплати пред отпочнување со работа.

**Член 11**

Данокот на додадена вредност не е пресметан во висината на утврдениот надоместок и истиот е на товар на корисниците на услугата.

Наплатата на надоместокот за одржување на јавната чистота се врши преку доставување на сметката, односно фактурата за собирање, транспортирање и депонирање на комуналниот отпад и се прикажува одвоено од сметката.

Средствата собрани од надоместокот за одржуваање на јавната чистота се приход на општина Охрид и се користат за финансирање на работите од јавната чистота.

**Член 12**

Заради обезбедување на јавна чистота на јавните површини, отворените простори на јавните површини на територија на општина Охрид забрането е:

- фрлање и оставање на отпадоци од градежен материјал (градежен шут);
- фрлање и оставање на хартија, отпушоци, мастики, амбалажи, земја, отпадоци од растенија, песок и други отпадоци;
- фрлање, односно оставање на смет од вршење на дејности и од домаќинствата покрај контејнери и други садови за собирање на смет;
- фрлање, односно оставање на смет од вршење на дејности и од домаќинствата во и покрај украсните корпи за отпадоци;
- оставање на стари предмети од домаќинства покрај садовите за собирање на смет, освен на места определени од општината;
- палење, закопување и уништување на смет;
- оставање на фекални остатоци од домашни миленици и мртви животни, живина и птици во садови за отпад;
- напуштање на домашни миленици;
- колење на кокошки, друга живина и животни;
- испуштање на отпадни води и други течности од дворните места и објекти;
- истурање и испуштање на течности во садови за отпад, на улици, во канали, реки и езера;
- миење на возила, камп-приколки и разни предмети од домаќинства и од вршење на дејности;
- сечење, складирање, цепење на дрва, јаглен и слично;
- паркирање на возила на растојание од десет метри од контејнер и други садови за собирање на смет и оставање на товарни возила освен на места определени за таа намена;
- оставање на запрежни коли, трактори, земјоделски машини и алатки;
- чување и напасување на крупен добиток и живина;
- чување и испаша на пчели;
- продажба и излагање на земјоделски и индустриски производи;
- превоз на песок, земја, цемент, глина, земјоделско ѓубре, сено, отпад или слични материјали без претходна подготовка и поклопување на материјалите со поклопец;
- поправање, сервисирање на возила и вршење на разни занаетчиски работи;
- оставање на нерегистрирани, хаварисани возила, приколки и камп-приколки;
- мешање на бетон, малтер и други градежни материјали, освен на оформена градежна парцела;
- растурање на сметот и претурање по сметот од вреќи, контејнери и други видови садови за собирање на смет;
- фрлање смет од било кој кат од станбена зграда или куќа, во двор;

- поставување на контејнери и други видови садови за собирање на смет надвор од определените места за нивно поставување, согласно со нивната намена;
- истурање на пепел, жар, други лесно запалливи и корозивни материјали кои предизвикуваат палење и уништување на садовите за собирање смет;
- уништување на урбаната и друга опрема (клупи, фонтани, билборди, опрема на детски игралишта);
- плукање или секнење на нос на јавни површини;
- лепење на плакати на било кое јавно место;
- вршење на физиолошки потреби;
- исфрлање на отпад и други отпадоци од моторни возила;
- испишување на графити, лепење на плакати на кое било јавно место и јавен објект;
- перење на килими, теписи, постелина и други материјали на балконите и терасите на индивидуалните и колективните станбени објекти, деловни објекти и простории и објектите за јавна намена кои се лоцирани кон улицата;
- варење на ракија, приготвување зимница и слично;
- исфрлање на отпад и други отпадоци од морторни возила;
- поставување контејнери за отпадоци, канти и слично надвор од определеното место за таа цел;
- фрлање на летоци и друг пропаганден материјал без одобрение од надлежниот орган на општината.;
- оставање на пловни објекти на јавна површина на приобалниот дел од езерото, освен на локалитетите Сараиште и Канео, во период од 1-ви септември тековната до 1- ви мај наредната година.

**Член 12 а**

Заради обезбедување на јавна чистота на неизградено градежно земјиште сопственост на физички и правни лица, во дворни места на колективни и индивидуални станбени објекти на територија на општина Охрид забрането е:

- палење, закопување и уништување на смет;
- оставање на фекални остатоци од домашни миленици и мртви животни, живина и птици во садови за отпад;
- напуштање на домашни миленици;
- колење на кокошки, друга живина и животни;
- чување и напасување на крупен добиток и живина;
- чување и испаша на пчели;
- перење на килими, теписи, постелина и други материјали на балконите и терасите на индивидуалните и колективните станбени објекти, деловни објекти и простории и објектите за јавна намена кои се лоцирани кон улицата.

**Член 13**

На отворените простори на јавните објекти се забранува:

- Фрлање и оставање на предмети од домаќинства;
- Фрлање и оставање на лисја, гранки, корења од растенија и друг растителен отпад;

- Фрлање и оставање на песок, отпадоци од градежен материјал, разни видови на амбалажа и други отпадоци;
- Оставање на смет од вршење на дејности на правни и физички лица покрај садовите за собирање на смет;
- Палење, закопување и уништување на смет;
- Оставање мртви животни, живина и птици;
- Испуштање на отпадни води и други течности од дворните места и објекти;
- Миење на возила и камп-приколки, предмети од домаќинства и предмети од правни лица;
- Сечење, складирање на дрва, јаглен и слично;
- Производство, печење на вар и дрвен јаглен, како и складирање и чување на градежен материјал без издадена дозвола од надлежен орган;
- Паркирање на возила;
- Поправање, сервисирање на возила и вршење на разни занаетчиски работи;
- Оставање на нерегистрирани, хаварисани возила, приколки и камп-приколки;
- Напуштање на домашни миленичиња;
- Оставање измет од домашни животни и миленичиња.

**Член 14**

Сопственикот, односно лицето кое управува со јавен објект е должен да ја одржува јавната чистота во јавниот објект и неговата дворна површина, при што треба да обезбеди:

- Редовно чистење и одржување на просториите во објектот;
- Садови за фрлање на отпадоци;
- Инсталациите во санитарните јазли да бидат исправни и чисти и да обезбеди тоалетна хартија, машини за сушење на раце или хартија во секое време.

**Член 15**

За истовар, оставање или утовар на градежен материјал, подигање на скеле и поправка на фасади на станбени и деловни објекти како и за слични градежни работи, може повремено да се користат јавните и сообраќајни површини или неизградено градежно земјиште само со одобрение од страна на Секторот за комунален развој и сообраќај на општина Охрид добиено врз основа на предходно поднесено барање од страна на изведувачот во кое барање задолжително треба да има и сообраќаен проект за времен режим на сообраќај согласно член 14 од ЗБПС.

Во одобрнието од претходниот став треба да се утврдат: времениот режимот на сообраќај, условите и начинот на истовар, утовар или оставање на градежниот материјал, мерките на сигурност, времето на истовар, утовар или оставањето на градежниот материјал и надоместокот за користење на јавната и сообраќајната површина. Пред започнување со работите предвидени во одобрението, изведувачот задолжително треба да склучи договор за вонредно чистење со Ј.П.„Охридски Комуналец“ согласно член 16 од важечката Одлука за утврдување на цените на услугите кои ги врши јавното претпријатие.

При изведувањето на работите од став 1 на овој член пред нивното започнување задолжително се постапува согласно сообраќајниот проект за времен режим на сообраќај и добиената согласност, при што мора да се осигура проодноста на тротоарите, улиците и сообраќајните површини кои се зафаќаат, мора да се оградат со ограда која треба да се одржува, прописно мора да се означи и осветли и материјалот што ќе се постави мора уредно да биде нареден и да не го спречува истекувањето на атмосферските води.

Изведувањето на градежните работи мора да обезбеди земјата да не се растура по јавната површина при ископот на темели и слично. Мешањето на бетон, малтер и друг материјал мора да се врши во соодветни садови или на лимови.

Тротоарите и улиците на кои се поставени скелиња може да се исклучат од сообраќај доколку истото е утврдено со сообраќајниот проект за времен режим на сообраќај, само за време додека објектот што се гради не биде во висина на приземјето.

Преминот под скелето мора да е заштитен од паѓање на материјал со кој се гради со заштитен кров според градежниот план, а скелето да се направи така под него да може пешаците несметано да поминуваат.

Тротоарите и другите пешачки премини пред градилиштето треба да бидат обезбедени од страна на градителот со водорамни и вертикални заштитници.

По завршувањето на градежните работи или ако градежните работи од било кои причини бидат запрени на подолго време, изведувачот на градежните работи е должен да ги отстрани скелињата и другиот градежен материјал од јавните површини и истите да ги доведе во првобитна состојба. Ако јавната површина служи за истовар и утовар на растресит градежен материјал како песок, чакал и слично, на јавната површина може да се стави толку материјал колку што може да се користи или отстрани за еден ден.

**Член 16**

Покрај дрворедите не смее да се остава песок, чакал или друг градежен материјал.

**Член 17**

Во текот на извршувањето на градежните работи изведувачот е должен:

- да ја исчисти јавната површина околу градилиштето од секаков градежен и друг материјал, кал и слично кои се наоѓаат на јавната површина како последица од вршењето на неговата дејност;
- при рушење на градежни објекти изведувачот на работите е должен материјалот што се руши да го полива со вода заради спречување на ширење на прашината;
- сливниците за атмосферските води во близина на местото каде што се вршат градежните работи редовно да се чистат;
- да го транспортира градежниот материјал до и од градилиштето на начин што нема да го попречува сообраќајот и слободното истекување на атмосферските води и да го спречи растурањето на материјалот по јавните површини.

**Член 18**

На јавни објекти забрането е испишување на графити, цртање и лепење на плакети.

Во внатрешноста на јавните објекти забрането е фрлање на отпадоци, плукање, фрлање на отпушоци, мастики и други предмети.

Во внатрешноста на јавните објекти забрането е внесување на домашни миленичиња, освен со одобрение на управителот на јавниот објект.

**Член 19**

Организаторите на јавни манифестации (културни, спортски, музички и други), на митинзи, прослави и други собири се должни да склучат договор за вонредно чистење пред одржување на истите со Ј.П.„Охридски Комуналец“ согласно член 15 од важечката Одлука за утврдување на цените на услугите кои ги врши јавното претпријатие.

Доколку организаторите од ставот 1 на овој член, не побараат услуга од ЈП„Охридски Комуналец“, сметот ќе биде исчистен од страна на ЈП„Охридски Комуналец„ на сметка на организаторот.

**Член 20**

При посета на излетничките места, посетителите се должни при заминувањето од излетничкото место да го исчистат сметот што го создале и да го остават на определено место предвидено за таа намена.

**Член 21**

Во зимски услови при снежни врнежи, ЈП„Охридски Комуналец„-Охрид е должен да го исчисти снегот и мразот на јавните површини, и отворените површини на јавните објекти од јавните површини, најдоцна во рок од 6 часа од почетокот на снежните врнежи и работата да ја извршува се додека наложуваат условите, со што ќе се обезбеди непречен пристап на јавните површини.

Во зимски услови при снежни врнежи, сите сопственици, односно корисници на јавни објекти се должни веднаш да започнат со чистење на снегот на отворените простори пред јавните објекти со што ќе се обезбеди непречен пристап до објектите.

Во зимски услови при снежни врнежи, сите сопственици, односно корисници на индивидуални и станбени објекти се должни веднаш да започнат со чистење на снегот пред објектите со што ќе се обезбеди пристап до истите.

**Член 22**

Собирањето, селектирањето, транспортирањето и депонирањето на комуналниот и друг неопасен отпад од домаќинствата и правните лица го врши Ј.П.„Охридски Комуналец“ во понатамошен текст давател на услугат.

**Член 23**

Сопствениците на зградите, становите и деловните простории и другите корисници на станбените и деловните простории ( во натамошниот текст: создавачи на отпад ) имаат обврска задолжително да ги користат услугите за одведување на комуналниот отпад на начин и под услови утврдени со оваа Одлука и другите прописи кои ги уредуваат овие односи.

**Член 24**

Локациите за поставување на садовите за комунален отпад и за рециклирање на отпад на територијата на општината ќе ги утврди Секторот за урбанизам и заштита на животна средина, по предходна добиена согласност од Секторот за комунален развој сообраќај и улици.

Поставувањето на садовите за отпад ќе го врши ЈП„Охридски Комуналец“-Охрид.

Сите сопственици, односно корисници на објекти се должни сметот редовно да го собираат и оставаат на места за таа намена.

Давателот на услуги на јавна чистота е должен сметот од јавните површини редовно да го собира и остава на места определени за таа намена.

**Член 25**

Локациите и начинот на оставање на стари предмети и габаритен отпад, како и локациите за оставање на растителен отпад и отпад од електрична и електронска опрема, ги одредува општината заедно со Ј.П.„Охридски Комуналец“ кои согласно Годишната програма изготвуваат Календар за подигање на кабаст и зелен отпад.

**Член 26**

Создавачите, односно поседувачите на отпадот се должни да го селектираат отпадот на следните категории:

1. амбалажен отпад ( хартија, пластика, стакло, дрво и слично);
2. отпад од дворни места ( цвеќе, трева, листови од дрвја, пилевина, гранки и слично),
3. отпадот настанат од делови на расипани апарати за домаќинствата, кујнски прибори, санитарни уреди и слично;

4. останатиот отпад од домаќинствата.

**Член 27**

Амбалажниот отпад се остава на посебните места за собирање, односно во контејнери за амбалажен отпад кои се поставуваат на јавните површини на места определени од општината.

Останатиот отпад од домаќинствата се става во вреќи и во посебни садови за тој отпад и се остава на местата за собирање и селектирање на комуналниот отпад определен од општината.

Правните и физичките лица се должни да го одделат опасниот дел содржан во комуналниот отпад и да го остават на местата за собирање на опасниот дел од комуналниот отпад определени од општината.

**Член 28**

На подрачјето на општината комуналниот отпад се собира и транспортира организирано.

Собирањето и транспортирањето на комуналниот отпад, одржувањето на јавната чистота и третманот на комуналниот отпад, како и ракувањето и одржувањето на местата за селективно собирање на комуналниот отпад претставуваат јавни услуги од локално значење.

Собирањето, транспортирањето и / или третманот на комуналниот и други видови на неопасен отпад, Градоначалникот на општината може да му го довери на правни и физички лица, во постапка согласно со законот за концесии и јавно приватно партнерство.

**Член 29**

Отпадот може да се транспортира со специјални возила наменети за транспорт на отпад, затворени возила, контејнери или друг вид соодветни возила со кои се спречува растурање, испаѓање на отпадот за време на собирањето, транспортот, утоварот и/или истоварот.

**Член 30**

Сопствениците на зградите, становите и деловните простории и другите корисници на станбените и деловните простории, односно создавачите на отпад, имаат обврска задолжително да ги користат услугите за одведување на комуналниот отпад на начин и под услови утврдени со оваа Одлука и другите прописи кои ги уредуваат овие односи.

**Член 31**

Отпадот од дворните места се собира во посебни вреќи за отпад и се оставаат пред влезовите на станбените, односно деловните објекти или до контејнерите за собирање на отпадот од домаќинствата и се собира по точно определен распоред за собирање или на повик до давателот на услугата.

Отпадот настанат од делови на расипани апарати од домаќинствата, кујнски прибор, санитарни уреди и слично се собира на места определени за таа намена или по точно определен распоред за собирање.

Останатиот отпад од домаќинствата треба да се собира во посебни садови за тој отпад ( вреќи, канти, контејнери ) на места определени за таа намена.

**Член 32**

Отпадот од домаќинствата треба да се собира само во неоштетени вреќи што се изработени од цврст, непропустлив и непрозирен материјал кои се чуват во соодветни канти или контејнери за таа намена.

Вреќите мораат да бидат цврсто заврзани како не би дошло до испаѓање на отпадот и ширење на непријатен мирис.

Во вреќите не смее да се става жар, врел пепел, течности, мртви животни и слично.

Врeќите за собирање на отпадот од домаќинствата ги набавуваат на свој трошок создавачите на отпадот.

Кантите за отпадот од домаќинствата се ставаат на определените места во деновите и времето што ќе го одреди јавното претпријатие за комунални дејности или друго правно или физичко лице кое е овластено за вршење на дејноста собирање и транспортирање на отпадот.

За деновите и времето на собирање на отпадот од домаќинствата собирачот на отпад е должен да ги извести создавачите на отпадот.

Создавачите на отпадот се должни кантите со отпадот да ги оставаат на место определено за тоа еден час пред одведувањето ( собирањето ) на отпадот.

**Член 33**

Зградите од кои отпадот од домаќинства се става во садови за отпад мораат да имаат одреден простор или место за сместување на садот за отпад и доволен број садови за отпад.

Бројот и видот на садовите за отпад за секоја пооделна зграда го одредува јавното претпријатие за комунални дејности или правното и физичко лице кое е овластено за собирање и транспортирање на отпадот.

Секое физичко треба да поседува соодветен сад за собирање на отпад ( канта ) и истиот да го чува на сопствен имот.

Забрането е поставување на контејнери и канти на јавни сообраќајници.

**Член 34**

Садовите за отпад од домаќинствата ( контејнерите ) ги набавува правното или физичкото лице кое е овластено за собирање на отпадот на сопствен трошок.

По исклучок, за новоизградените објекти и новоотворените деловни простории садовите за отпад од домаќинствата ( контејнерите ) ги набавува инвеститерот.

Собирачот на отпадот е должен да ги мие, дезинфицира и дезинсекцира садовите за отпад најмалку два пати годишно и да ги одржува во исправна состојба.

Садовите за отпад од домаќинства ( кантите ) ги набавува физичкото лице сопственик на индивидуалниот објект.

Местата околу садовите за отпад мора да бидат во чиста и уредена состојба за кои се должни да се грижат собирачите на отпадот.

**Член 35**

Создавачите на отпад должни се отпадот да го ставаат во садовите за отпад така да не се расфрла и да не го валка просторот околу садот. Садовите и контејнерите за отпад мораат да бидат затворени.

**Член 36**

Забрането е изнесувањето и вадењето на отпад од садовите и контејнерите.

Забрането е да се оневозможува пристап на возилото за отпад до местото на кое се наоѓаат садовите за отпад.

**Член 37**

Динамиката на подигање на комуналниот отпад се предвидува во годишната програма на јавното комунално претпријатие и тоа по денови и реони, димензионирана според потребите на градот и фреквентноста на населението и сообраќајот.

**Член 38**

Собирачот на отпадот е должен при собирањето на отпадот и при одведувањето на отпадот да внимава отпадот да не се растура, да не се крева прашина, да не се оштетуваат садовите за отпад, како и да не се валкаат и оштетуваат површините за сместување на отпадот.

Ако при утовар и истовар во возилото, дојде до растурање на отпадот, собирачите на отпадот се должни истиот веднаш да го исчистат, а садовите да ги вратат на местото определено за нив и да ги затворат капаците на садовите и контејнерите.

**Член 39**

Заради зачувување на јавната чистота и заштита од оштетување на садовите за отпад се забранува:

1. Фрлање, складирање и чување на комунален отпад надвор од контејнерите, кантите за отпад и специјалните вреќи за отпад;
2. Фрлање и складирање во контејнерите и кантите за отпад на отпадоци кои не се сметаат за комунале цврст отпад;
3. Фрлање во контејнерите жар и други запалени материи, вода, киселина, моторни и други масла и други штетни и опасни материи;
4. Поставување и преместување на контејнери и канти за отпадоци надвор од за тоа определени локации;
5. Пребарување на отпад во корпите, кантите и контејнерите од страна на физички лица;
6. Палење на отпадот во кантите и контејнерите;
7. Собирањето и транспортирањето на отпадот да се врши со средства и опрема која не е соодветна за вршење на дејноста;
8. Вршење на собирање и транспортирање на комуналниот отпад без поседување на дозвола;
9. Постапување со отпадот на начин кој доведува до загрозување на животната средина, животот и здравјето на луѓето:
10. Постапување со отпадот на начин кој доведува до загадување на водите, воздухот и почвата над пропишаните граници;
11. Постапување со отпадот на начин кој создава бучава и непријатна миризба;
12. Постапување со отпадот на начин кој доведува до уништување на природните услови за животот на животните и растенијата;
13. Постапување со отпадот на начин кој доведува до уништување на заштитното културно наследство;
14. Постапување со отпадот на начин кој доведува до нагрдување и неуредување на објектите и просторот во урбаните зони и во подрачјата надвор од урбаните зони;
15. Истурање и фрлање на отпад во канализационите и во другите инфраструктурни системи и објекти;
16. Вршење на собирањето и транспортирањето на комуналниот отпад со средства и опрема која не е соодветна за вршење на истата дејност;
17. Преработување на отпад без поседување на дозвола за вршење на дејноста преработка, третман или складирање на отпадот;
18. Прифаќање на отпад што не содејствува со класата на депонијата;
19. Горење на отпад и согорување на отпад без дозвола.

**Член 40**

Создавачот и/или поседувачот на индустриски неопасен отпад е должен да го преработи отпадот што настанува со вршење на дејностите, на начин утврден со Законот за управување со отпад.

Правните и физичките лица кои постапуваат со индустриски неопасен отпад се должни да достават примерок од идентификациониот формулар до Градоначалникот.

**Член 41**

Создавачите на индустриски отпад што содржи штетни материи се должни да ги преземат соодветните мерки согласно одредбите на Законот за управување со отпадот, Законот за заштита на животна средина и другите прописи кои ја регулираат оваа проблематика.

**Член 42**

Советот на општината на предлог на Градоначалникот ги определува местата за третман и отстранување на инертниот отпад во согласност со општинските планови за управување со отпад и во согласност со просторните и урбанистичките планови.

Посебно уредените депонии, односно определените места од став 1 на овој член ги одржува и со нив управува јавното претпријатие за комунални дејности основано од Општината или правно или физичко лице кое од страна на Општината е овластено за вршење на истата дејност.

**Член 43**

Отпадоци што се создаваат со изведување на градежни работи се: градежен материјал, земја, шут, згура, вар, цемент, чакал, песок, кал, камења, тули, ќерамички отпадоци и слично.

Отпадоците од став 1 на овој Член не смеат да се оставаат и собираат на јавните површини.

Создавачите на отпадоци од став 1 од овој Член се должни да го отстрануваат, односно транспортираат истиот на посебно уредените депонии.

**Член 44**

Правните и физичките лица кои при изведувањето на градежни работи создаваат отпадоци кои немаат својство на комунален отпад, се должни сами да го собираат и да го транспортираат отпадот на места определени од општината или истите да ги предадат на овластени правни и физички лица кои собираат и транспортираат отпад.

**Член 45**

Забрането е отпадоците што се создаваат со изведување на градежни работи да се изнесуваат од своите дворни места до денот на преземањето од страна на правните или физичките лица кои се овластени за собирање и транспортирање на отпадот.

Се забранува транспортирањето на отпадоците што се создаваат со изведување на градежни работи да се врши со несоодветни и непокриени транспортни возила што би предизвикало истурање на истиот на самите сообраќајни површини.

Забрането е оставање, односно истурање на отпадоците што се создаваат со изведување на градежни работи на јавните површини, јавно сообраќајните површини, неизградено градежно земјиште, во и покрај водните површини и слично.

Забрането е депонирање на отпадоците што се создаваат со изведување на градежни работи вон местата определени од стана на општината.

**Член 46**

За подигање, транспортирање и депонирање на комуналниот отпад се плаќа надоместок.

Надоместокот е утврден во Одлуката за утврдување на цените на услугите што ги врши Ј.П.„Охридски Комуналец“.

**Член 47**

Урбаното зеленило опфаќа:

1. Јавно зеленило кое е добро за општа употреба и е во надлежност на општината, а типови на јавно зеленило се:
   - Парк,
   - Парк – шума,
   - Зелен плоштад,
   - Дрворед,
   - Зелен коридор,
   - Заштитно зеленило,
   - Неуредено зеленило,
   - Друго зеленило на јавни отворени простори.
2. Останато зеленило – зелени површини или земјиште наменето за озеленување , кои претставуваат придружна содржина на други основни намени, а се во сопственост на физички и правни лица или дадени на нивно користење.

**Член 48**

Под одржување, користење на паркови, зеленило, парк – шуми, водни и рекреативни површини се подразбира подигање, одржување и користење на зелени површини, садење на ниска и висока вегетација и слично.

Типови останато зеленило се:

- Зелени површини покрај објекти за домување ( станбени куќи, станбени згради и друго ),
- Зелени површини покрај комерцијални и деловни објекти ( комерцијални и деловни единици, угостителски единици, хотелски комплекси и сл. ),
- Зелени површини покрај објекти на јавни институции ( образовни, здравствени, социјални, културни, државни, верски и др. ),
- Зелени површини покрај објекти за производство, дистрибуција и сервис (мали и големи комерцијални и деловни единици, угостителски единици, хотелски комплекси и др. ),
- Зелени површини покрај објекти за спорт, рекреација и меморијални простори ( гробишта и меморијални паркови ),
- Зелени површини покрај инфраструктура ( комунална, некомпатибилна и др.),
- Посебни зелени комплекси ( ботанички градини, зоолошки градини, дендро – паркови, арборетуми, изложби на цвеќе и сл. ),
- Расадници,
- Зеленило на кровни тераси и вертикални зелени фасади.

**Член 49**

Парковите се посебно уредени и озеленети површини во урбаните средини согласно усвоените урбанистички планови кои им служат на граѓаните за одмор, шетање, рекреација и игра.

**Член 50**

Подигањето, одржувањето, заштитата и реконструкција на јавното зеленило се врши врз основа на Годишна програма донесена од страна на Советот на општината.

**Член 51**

Подигање, одржување и реконструкција на останатото зеленило кое е дел од градежна парцела со определена намена, врши правно или физичко лице, сопственик или корисник на таа градежна парцела на сопствена сметка.

**Член 52**

Одржување на зеленилото е обврска на сите физички и правни лица независно од видот на сопственоста.

Одржувањето на јавното зеленило на подрачјето на општината го врши јавното претпријатие врз основа на Годишна програма за подигање и одржување на зеленилото усвоена од Советот на општината.

Одржувањето на останатото зеленило е во надлежност на правни и физички лица кои се нивни сопственици или корисници, кои можат на своја сметка обврската за одржување на зеленилото да ја доверат на правно лице регулирано за вршење на работите за одржување на зеленилото.

Во случај на промена на сопственоста, давање или пренесување права за користење над парцелата, се пренесува и обврската за одржување на зеленилото.

**Член 53**

Одржувањето на зеленилото, во зависност од неговата намена може да биде интензивно или умерено, а се одредува со Годишните програми усовоени од Советот на општината.

**Член 54**

Во интензивно одржувано зеленило спаѓаат:

- паркови,
- Зелени површини,
- Зелени површини на детски игралишта, здравствени и јавни објекти,
- Објекти на култура и образование,
- спортски терени,
- зеленило на гробишта,
- зеленило на др. јавни отворени простори,

Интензивното одржувањето на зелените површини опфаќа:

- Редовно прихранување,
- Редовно косење,
- Редовно поливање,

- Кастерење жива ограда, ползавци, грмушки во скалд со естетските и функционалните барања на видливоста и безбедноста во сообраќајот,
- Нега на дрворедни садници во однос на наводнување, кроење на крошните, како и санитарна сеча за заштита на дрвата,
- Обновување на растителниот материјал кој е оштетен или исушен,
- Редовно собирање на искосената трева, искастрените гранки и отпад од зелените површини,
- Одржување на градинарско – архитектонските елементи,
- Одржување на инфраструктурни објекти и инсталации во функција на одржување на зеленилото,
- Заштита на растителниот материјал од штетници, пожари, снег, ниски или високи температури и др. елементарни непогоди.

**Член 55**

Во умерено одржувано зеленило спаѓаат:
- парк шуми,
- заштитни зелени појаси покрај улица,
- индустриски зони и сл.,
- рекултивирани копови, депонии и др.

Умереното одржување на зелените површини опфаќа:
- спроведување на неопходните мерки за санитарна сеча,
- заштита од штетници,
- заштита од пожари.

**Член 56**

Заштитени се сите дрвја, како од јавните, така и од приватните површини, со обемна стебло над 40 cm, мерено од висина од 1.3 m, освен за овошките, дрвјата во малите градини и дрвјата во шумите.

**Член 57**

Сечење и кастрење на дрвја во сите зелените површини од член 47, може да се врши заради нивно редовно одржување, ако се суви, нападнати од штетни инсекти и растителни болести, ако пречат на подземни и надземни инсталации, кога се оштетени од елементарни напогоди, заради изградба на инвестициони објекти или заради реконструкција на зелените површини.

Одржувањето на јавното зеленило на подрачјето на општина Охрид се врши согласно Годишната програма за подигање и одржување на зеленило.

За сите дејствија и работи од претходниот став правните и физички лица потребно е да имаат Решение од комисија за преземање мерки и активности за отстранување дрвја на формирана од Градоначалникот на општината.

**Член 58**

На зелените површини може да се врши прекопување за поставување на подземни или надземни инсталации, изградба на инвестициони објекти и објекти на граѓаните само со одобрение на Секторот за комунален развој по претходно прибавено одобрение од давателот на услугата.

Одобрението од претходниот став на овој член треба да содржи определување на рок во кој треба работите да се завршат како и рок во кој треба зелените површини да се вратат во првобитна положба. Трошоците за извршување на сите работи утврдени во став 1 на овој член се на товар на инвеститорот, односно изведувачот на работите.

**Член 59**

На зелените површини и на земјиштето на кое е предвидено да се уредува зелената површина, телефонска, електрична и друга инсталација може да се монтира само подземно.

**Член 60**

На јавните зелени површини забрането е:

- корнење, сечење и кастрење на дрвја, грмушки и жива ограда;
- било какво оштетување на зеленилото ( соголување и засекување на стеблата, газење и седење на тревниците, кинење на цвеќе, корнење на цветни и тревни посеви и слично );
- деградирање на растителните услови ( отстранување на земја, откривање и оштетување на корењата, затрупување на стеблата, неовластено користење на системот за наводнување, промена на структурата и составот на почвата и сл. ),
- собирање на плодови и цветови од дрвјата;
- неовластено копање и изнесување на земја, копање канали, вршење прекопи и слично;
- палење на оган и палење стебла,
- фрлање и оставање на отпадоци надвор од местото предвидено за таа намена;
- истоварување и оставање на стока, амбалажа, шут, градежен и огревен материјал, отпадно дрво, железо и слично на и покрај зелените површини;
- истурање на нечиста вода и други течности што ја загадуваат и оштетуват озеленетата површина,
- чување и пасење на добиток и живина;
- чување и испаша на пчели;
- поставување на рекламни паноа и лепење на плакати на дрвја;
- поставување, поправање, замена на објекти, уреди, инсталации, комунална опрема, киосци, рекламни паноа, знаци, патокази, натписи и слично без одобрение од надлежниот орган;
- возење, запирање, паркирање и оставање на моторни возила;
- кршење, оштетување или уништување на корпите за отпадоци, на чешмите, канделабрите и на други објекти што им служат на зелените површини;
- вршење на било каква работа која доведува до уништување на зелените површини;
- кинење и корнење на цвеќе, трендафили и грмушки;
- палење на огнови во парковите и парк – шумите;
- поставување на разни предмети на стеблата и гранките ( светилки, носачи на жичани водови, скали и слично
- шетање кучиња во тревните и цветните површини во парковите, како и нивно уринирање и дефекација во истите.

**Член 60 а**

На зелени површини сопственост на физички и правни лица забрането е:

- чување и пасење на добиток и живина;
- чување и испаша на пчели,
- чување на предмети и отпадоци кои ја загадуваат и оштетуваат околната средина,
- истоварување и оставање на стока, амбалажа, шут, градежен и огревен материјал и слично ,
- палење на оган.

**Член 61**

На јавните зелени површини дозволени активности се:

- корнење, сечење и кастрење на дрвја, грмушки и жива ограда заради нивно одржување или обновување, ако се нападнати од штетници и болести, ако се суви или оштетени од елементарни непогоди, ако пречат на подземни или надземни инсталации, кога постои опасност да причинат човечки или материјални штети, ако пречат на видливоста на улиците и на проодноста на тротоарите и патеките, како и заради изградба на објекти предвидени со урбанистичките планови.

Работите од став 1 на овој член се вршат само врз основа на решение издадено од општината, со кое се утврдуваат условите и начинот на извршената работа.

**Член 62**

На останатите зелени површини дозволени активности се:

- Корнење, сечење, кастрење дрвја, грмушки и жива ограда на останатите зелени површини, меѓу кои и на површините на дворните места на индивидуално и колективно домување, согласно член 57, став 3 од оваа Одлука.
- Сопствениците на зелените површини покрај сообраќајници, тротоари, велосипедски и пешачки патеки се должни да го одржуваат зеленилото и редовно да ја косат тревата и да ги кастрат гранките и живата ограда кои му пречат на безбедното одвивање на сообраќајот или движењето на минувачите и да ги отстранат гранките од дрвјата и другото зеленило кои навлегуваат во друг приватен имот и да го одржуваат комуналниот ред.
- Овластениот комуналниот инспектор и комуналните редари се должни да го опоменат сопственикот на зелените површини од ставот 2 на овој член да ги исполни своите обврски во рок од седум дена, во спротивно работите од став 2 на овој член ќе ги изврши вршителот на одржувањето на јавните зелени површини на сметка на сопственикот на зеленилото.

## III. НАДЗОР И МЕРКИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ

**Член 63**

Надзор над примената на оваа Одлука се врши согласно Законот за јавна чистота (Службен весник на РМ бр.111/08,114/10, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15 и 31/06), Закон за комунални дејности ( Сл.весник на РМ бр.95/12), Законот за урбано зеленило ( Сл.весник на РМ бр.71/16 и 11/18 ) и Законот за управување со отпад (Сл.весник на РМ бр. 68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 134/08, 09/11, 123/12, 147/13, 163/13, 156/15 и 63/16 ).

Контрола над одржувањето на јавната чистота согласно оваа Одлука вршат општински комуналните инспектори и комунални редари

## IV. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

**Член 64**

За непочитување на оваа Одлука ќе се применуваат прекршочните одредби определени со Законот за јавна чистота, Законот за управување со отпад, Законот за комунални дејности и Законот за урбано зеленило.

## V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 65**

Одредбите од оваа Одлука не се однесуваат на одржување на јавна чистота во вонредни околности и во услови на елементарни непогоди.

**Член 66**

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престануваат да важат одредбите од Одлуката за одржување на јавна чистота на територија на Општина Охрид, бр.07-3165/34 од 29.12.2008 год. ( Службен гласник на Општина Охрид бр. 10/08 ), Одлуката за одржување на јавна чистота и утврдување надоместок за одржување на јавната чистота бр.07-2285/16 од 14.09.2009 год. ( Службен гласник на Општина Охрид бр.9/09), Одлуката за изменување на Одлуката за одржување на јавна чистота и утврдување надоместок за одржување на јавната чистота бр. 07-3360/42 од 29.12.2010 год. (Службен гласник на Општина Охрид бр.15/10 ) и Одлуката за изменување на Одлуката за одржување на јавна чистота и утврдување надоместок за одржување на јавната чистота бр. 07-3290/8 од 01.04.2014 год. ( Службен гласник на Општина Охрид бр.4 /14 )

**Член 67**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Охрид“.

**Број 08-1620/4**
**05.02.2019 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОПШТИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ ЗА 2019 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести за 2019 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 05.02.2019 година.

**Број 09-1620/82**
**05.02.2019 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Вршител на должноста Градоначалник**
**д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на со член 14, став 2 од „Законот за заштита на населението од заразни болести„ (Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/2004; 139/2008 , 99/2009, 149/14, 150/15, 37/16 ), а во врска со член 18, став 6 од Статутот на Општина Охрид (Службен гласник на Општина Охрид број 8/07) и член 36, став 6 од „Законот за локална самоуправа„ (Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и Мислењето на ЈЗУ Центар за Јавно Здравје Охрид бр. 10-39/2 од 23.01.2019 година**,** Советот на Општина Охрид, на седница одржана на ден 05.02.2019 година , донесе

**ПРОГРАМА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОПШТИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ ЗА 2019 ГОДИНА**

**Вовед**

Програмата ги дефинира општите мерки за заштита на населението во општина Охрид од заразни заболувања, кои со исполнувањето на поставените цели треба да допринесат за подигнување на повисоко ниво на заштита на населението од заразни болести.

Главна цел на програмата е спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести, како и утврдување на активностите, извршителите, роковите и изворите на финансиските средства потребни за нивна реализација во 2019 година.

Програмата дефинира 5 општи мерки за заштита на населението на општина Охрид од заразни заболувања, кои ќе се спроведат во согласност со стандардите и постапките утврдени со закон и тоа:

1) обезбедување безбедна вода за пиење и контрола над исправноста на водата и објектите за водоснабдување;
2) отстранување на отпадни води и друг тврд и течен отпад на начин кој ќе оневозможи загадување на човековата околина (вода, земјиште, воздух);
3) вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција, дератизација, и други хигиенско-технички мерки на населени места и други јавни површини;
4) обезбедување санитарно - технички и хигиенски услови во јавниобјекти: училишни и предучилишни установи, објекти за исхрана, објекти за водоснабдување, други јавни установи, средства за јавен сообраќај,како и најавни места;
5) обезбедување хигиенски исправна вода во езерото и
6) обезбедување на превентивно - промотивни активности за унапредување на здравјето на населението.

Општите мерки и активности ги организира и следи Општина Охрид, во соработка и под стручен надзор на ЈЗУ Центар за јавно здравје Охрид. Во рамки на општите мерки за заштита на населението во општина Охрид, во 2019 година ќе се преземат следните мерки:

**1. Обезбедување на населението со безбедна и достапна вода за пиење и контрола над јавните водоснабдителни објекти и исправноста на водата.**

Општина Охрид и во 2019 година ќе продолжи да се грижи за континуирано снабдување на населението со доволни количини на здравствено исправна вода за пиење.

Водоснабдувањето на општина Охрид го врши МЈП „Проаква“ – Работна единица – Водовод Охрид и тоа за населените места: Орман, Рача, Велгошти,Лескоец, Д.Коњско, Пештани,Рамне и туристичките локалитети долж брегот на езерото. Од локални водоводи се снабдуваат населените места: Велестово, Трпејца, Љубаништа, Косел, Ливоишта, Вапила, Сирула, Скребатно, Елшани, Расино, Опеница, Завој, Свињишта, Куратица, Подмоље, Оровник, Требеништа, Мешеишта, Климештани, Ботун, Злести, Брежани, Велмеј, Лешани, Белчишта, Горно и Долно Средоречје, Грко Поле , Песочан, Издеглавје, Слатино, Слатински чифлик, Оздолени, Сошани, Сливово, Ново Село, Арбиново, Врбјани, Годивје, Лактиње,

Горенци, Горно и Долно Лакочереј, Мраморец, Турје, Плаќе, Речица, Шипокно, Црвена Вода, а со Одлука на Советот на Општина Охрид се управува и со системот за водоснабдување во с. Љубаништа од втората половина на 2007 година. Од мај 2008 год. РЕ Водовод Охрид управува и со системот за водоснабдување во с. Лескоец, а од 2011 година и со водоснабдување на селата Вапила, Ливоишта и Горно Лакочереј. Ј.П.ДЕБАРЦА управува со водоснабдувањето на селата: Подмоље, Белчишта, Арбиново, Ботун, Брежани, Издеглавје, Лешани, Ново Село, Горенци, како и со Аеродромот Св.Апостол Павле во Охрид и средно училиште Јахја Кемал.

Верификација на квалитетот и исправноста на водата за пиење и информирање на корисниците за квалитетот на водата, вршат две здравствени установи во Република Македонија и тоа: Институт за јавно здравје на РМ – Скопје и Центарот за Јавно здравје – Охрид.

**Планирани активности**

Согласно Правилникот за безбедност на водата ( „Сл.Весник на РМ“ бр.46/08), анализите на водата за пиење за безбедност во рамките на мониторингот се врши од страна на Центарот за јавно здравје Охрид и Институтот за јавно здравје Скопје. Испитувањето на санитарно – хигиенска исправност заради можност од евентуални загадувања и спречување на ризик од заболување на населението, се врши два пати годишно на мостри на сирова вода (нехлорирана ) од 5 изворишта Летница, Бунари Студенчишта, Бунари Орман, Билјанини Извори и од Охридско Езеро кај усисната корпа пред Пумпната станица Метропол во Институт за јавно здравје на РМ-Скопје. Испитувањата се земаат пред почеток и на крај на туристичката сезона. Исто така се врши испитување на квалитетот на водата и од мостри земени од населените места Велгошти, Лескоец и Љубаништа.

На мострите испратени во ИЈЗРМ се вршат следните анализи:

- Проширена хемиска анализа за одредување на присуство на токсичните метали,
- Анализа за присуство на пестициди и
- Анализа за присуство на радиоактивни елементи.

Центарот за јавно здравје Охрид согласно Правилникот за здравствена исправност на водата и безбеденост на водата за пиење во текот на 2019 година ќе врши еднаш неделно на 17-18 мерни места од системот за водоснабдување, вклучувајќи ги и селата приклучени на градски водовод.

На земените примероци во Центарот за Јавно здравје Охрид се врши:

- Основна микробиолошка и хемиски анализа
- Анализа на присуство на резидуален хлор во водата за пиење.

**Перманентни активности**

Покрај гореспоменатите контроли од двете јавни установи на Република Македонија се прави и трета контрола од страна на вработените во Јавното претпријатие МЈП „Проаква“ РЕ„Водовод“– Охрид. Секојдневно се контролира присуство на резидуален хлор во водата.

Заради обезбедување на квалитетна вода за пиење покрај гореспоменатите контроли се врши и редовно одржување и сервисирање на системот на производство и третман на води.

**Квартални активности**

Најмалку четири пати годишно контрола на санитарно – хигиенска состојба на водоснабдителните хидроградежни објекти од системот.

На секои шест месеци вработените во објектите за снабдување на населението со вода за пиење треба да извршат задолжителен здравствено – хигиенски преглед.

**2. Обезбедување на исправна вода за рекреативни потреби на целото крајбрежие на Охридското Езеро**

За заштита на Охридското Езеро изграден е колекторскиот систем кој ги собира отпадните води, кои понатака се пречистуваат во пречистителната станица во с.Враништа. Бидејќи хотелот „Десарет“, автокампот „Градиште“, автокампот „Љубаништа“ како и сите угостителски објекти во Св. Наум не се вклучени во колекторскиот систем за пречистување на комуналните отпадни води поседуваат свои пречистителни станици т.н. путекси каде треба да се врши соодветно механичко, хемиско и биолошко пречистување на отпадните води. Селата Трпејца и Љубаништа за комуналните отпадни води користат септички јами чие празнење треба да се врши редовно, заради тоа што дел од нив се наоѓаат на самиот брег и се директни загадувачи на езерото.

На реките Черава, Сатеска, Велгошка и Коселска река кои директно се вливаат во Охридското Езеро и се едни од неговите главни загадувачи, се врши редовно земање мостри за испитување на физичко – хемиската и микробиолошката анализа на водата.

Центарот за Јавно здравје – Охрид врши санитарно – хигиенски теренски увиди и истовремено се земаат мостри од езерската вода за физичко – хемиска бактериолошко и токсиколошка анализа со цел да се откријат потенцијалните загадувачи на езерската вода и да се превземат соодветни мерки за нивно благовремено санирање.

Мострите се земаат на 5 – 10 метри од брегот на езерото од оној дел кој најчесто се користи за капење. Вкупниот број на земени примероци езерска вода минимум изнесува 150 според Националната програма за јавно здравје на РМ.

**2.2. Планирани активности за контрола на езерската вода**

| квартал | теренски увиди | мостри од езерска вода |
|---|---|---|
| I | 8 | 25 |
| II | 12 | 50 |
| III | 12 | 50 |
| IV | 8 | 25 |

На земените мостри во Центарот за Јавно здравје Охрид се вршат следните анализи:

- Основни бактериолошко – хемиски анализи и
- Анализа на присуство на тешки метали

**Перманентни активности**

Покрај горе споменатите контроли се врши перманентна контрола од страна на комунална инспекција и ДСЗИ во текот на цела година на извори на загадување, септички јами прочиститителни станици и сл.

**Вонредни активности**

Ќе се врши контрола на исправноста на водата и по пријави на граѓани.

**3. Правилно и навремено отстранување на цврстиот отпад и отпадните води**

Отстранување и прочистување на отпадните води се врши со цел да се оневозможи загадување на човековата околина.

Стопанисувањето со канализационата мрежа во Општина Охрид го врши ЈП „Нискоградба Охрид“ – Охрид. Стопанисувањето со канализационата мрежа опфаќа нејзино одржување (функционално и градежно), нејзино проширување како и прифаќање на нови корисници. Вкупната должина на денес постојната мрежа изнесува околу 155 км од кои:

- мешовита канализациона мрежа 41 км,
- фекална канализациона мрежа 80 км,
- атмосферска канализациона мрежа 34 км.

Одржувањето на јавната чистота подразбира чистење, метење и миење на јавните сообраќајни површини, одржувањето на пешачките патеки, детските игралишта, кејови и други неуредени јавни површини, транспортирањето и депонирањето на собраниот смет се врши заради обезбедување на здрава и чиста средина.

Организираното собирање на комуналниот отпад го врши ЈП „Охридски Комуналец“ – Охрид во рамките на работната единица „Комунална Хигиена“ на подрачјето на градот Охрид, како и во 22 населени места. Собирањето на отпадот во 2019 година ќе се врши секојдневно во потесното градско подрачје, а во останатите делови од градот двапати неделно. Во текот на летната сезона во потесното градско подрачје комуналниот отпад се врши четири пати во текот на денот.

Исто така ЈП „Охридски Комуналец“ – Охрид врши собирање на ПЕТ – амбалажа, тврда пластика, стара хартија и стакло со цел намалување, повторна употреба и рециклирање на цврстиот отпад со примарна селекција која се врши на територијата на Општина Охрид и претставува чекор напред во рационалното управување со цврстиот отпад и животната средина.

**3.2. Планирани активности**

За превентивно спречување на појава од заразни болести редовно ќе се врши одржување и темелно чистење на уличната (фекална) канализациона мрежа, ревизионите, приклучни и прекршни шахти, чистење на улични сливници и електромашинско и механичко одржување на црпните станици.

Метење на улици и празнење на корпи за отпадоци:

- улици од прва категорија - секојдневно
- улици од втора категорија – два пати неделно
- улици од трета категорија – еднаш неделно

Миење на улици:

- секој ден од 1 април до 31 октомври.

Одвод на смет

- I категорија на улици – секојдневно, а во летниот период два пати во текот на денот.
- II категорија и III категорија на улици – два пати неделно.

Дезинфекција

- Дезинфекција на контејнери - еднаш годишно
- По потреба почеста дезинфекција на поголеми површини

**Перманентни активности**

Редовно се врши чистење на уличните сливници и ревизионите, приклучните и прекршочни шахти.

Собирањето на сметот се врши перманенто согласно динамиката предвидена со годишната програма за подигање на комуналниот отпад по денови и региони, а метењето на улиците се врши според категоризацијата на улиците.

Редовно се прават контроли од страна на комунална инспекција.

**Вонредни активности**

Ќе се вршат околу 3.000 интервентни чистења уличните сливници и ревизионите, приклучните и прекршочни шахти.

Ќе се вршат чистења на локации каде има појава на т.н.диви депонии.

Ќе се врши и контрола по пријави на граѓани.

**4. Обезбедување на хигиенско – технички услови во училишните и предучилишните установи**

За проценка на здравствено – еколошкиот ризик од небезбедна храна која се консумира од страна на населението за подрачјето на Општина Охрид во тек на 2019 година ќе се извршат санитарно – хигиенски увиди, при што ќе се земаат брисеви за бактериолошка чистота во објекти за исхрана во предучилишни установи, објекти за исхрана во училишни установи, објекти за исхрана лоцирани во непосредна близина на училишни установи, објекти за исхрана сместени во училишни и студенски домови и објекти за исхрана на ученици кои престојуваат во објекти за одмор односно рекреација.

Планирањето и водењето на овие активности е во рамките на агенција за храна.

За проценка на здравствено- еколошкиот ризик од ширење на заразни заболувања во основните и средните училишта кои ги покрива ЈЗУ ЦЈЗ Охрид , ќе се вршат санитарно – хигиенски увиди во селектирани училишта и земање примероци вода за пиење за лабораториска анализа во рамки на планираните активности во Националната годишна програма за јавно здравство за 2019 година. Со примена на методологија согласно посебно изработено стручно-методолошко упатство од страна на Институтот за јавно здравје-Скопје. Индикатор: Информација за санитарно-хигиенската состојба во училиштата во Општина Охрид како и на ниво на РМ, со предлог мерки за унапредување на здрава училишна средина и мерки за зачувување и унапредување на задравјето на училишната популација.
Локалната самоуправа ќе постапува по потреби констатирани од страна на надлежните инспекции.

**5. Спроведување на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација (ДДД) во населени места и други јавни површини.**

Според Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15 и 37/16 ) треба да се обезбедат санитарно- технички и хигиенски услови како и спроведување превентивна дезинфекција на јавни објекти: училиштата и предучилишните установи, Студенскиот дом, социјалните установи, објекти за водоснабдување, пазарот, автобуските станици и другите јавни објекти, средствата за јавен сообраќај.

Во населените места и јавните површини на подрачјето на територијата на Општина Охрид согласно Стручното мислење за спроведување на превентивни мерки за заштита на населението од заразни болести од ЈЗУ „Центарот за Јавно здравје“ – Охрид Локалната самоуправа на општина Охрид ќе спроведе превентивна дезинсекција и дератизација.

**Планирани активности**

Дезинсекција против комарци

Поволните природни услови и микроклиматски погодности обезбедуваат стално присуство на бројни популаци на комарци и други штетни инсекти во регионот на општина Охрид. Со цел редукција на комарците и нивно доведување на едно биолошко ниво, со што во голема мерка ќе се допринесе во подобрување и зачувување на здравјето на луѓето и обезбедување на здрава човекова околина неопходно е **примената на општи и специфични мерки :**

- Подигање на свеста на населението за здравствените ризици од комарците, крлежите и другите вектори преку едукација и информации, пропаганден материјал, информативни постери, флаери, летоци и нивна дистрибуција меѓу населението, соработка со медиумите со цел здраствена промоција .

**Рок:** во тек на годината

- Исушување на застојни води (бари) и остранување на сите предмети каде се задржува вода која претставува средина за множење на комарци,
- Отстранување на високи треви, средување на земјиштето каде што се кријат крлежите

**Рок:** во тек на годината

- Евидентирање(мапирање ) на сите стоечки води, бари, канали, речни корита на територијата која ја покрива, при што ќе достави информација за севкупната површинат и достапноста на потенцијалните места за размножување на комарците.

**Рок:** јануари до март

- Ларвицидна дезинсекција

**Рок:** од март до септември

- Адултицидна дезинсекција

**Рок:** од мај до септември

Места кои треба да бидат третирани се: Охридското крајбрежје на потег од с. Подмоље до комплексот Св. Наум , подножјето на планината Галичица - населба Билјанини извори и централното градско подрачје до улица Железничка, Студенчишко блато и по потегот на реката Грашница и Коселска река.

Комбинацијата од ларвицидна и адултицидна дезинсекција е вистинско решение во даденото подрачје. Извршителот на дезинсекцијата ќе се утврди во постапка и на начин согласно Законот за јавни набавки.

**Дератизацијата** ќе се врши со поставување на висечки мамци или статички парафински блокови во отворите од шахтите на постоечката канализациска мрежа, а ќе бидат опфатени и отворите што служат за собирање на атмосферска вода. Вкупниот број на опфатени шахти изнесува 3000.

**Превентивната дератизација се спроведува двапати годишно** :

1. Пролетна дератизација (прв дел од дератизациониот процес)

**Рок : од март до мај**

**2. Есенска дератизација** (втор дел од дератизациониот процес )

**Рок: од октомври до ноември**

**Два пати годишно** (пролет и есен) кога се очекува и најголема биолошка појава на штетни глодари треба да се третираат и други критични точки: јавни депонии и ѓубришта, околу семејни згради и куќи ( во подрумски простории, шупи) за да не се наруши хигиено-епидемиолошката состојба во општина Охрид. Доколку постојат предуслови дератизација ке се изведува и во селските населби.

**Превентивно – промотивни активности за унапредување на здравјето на населението**

Со здравствено воспитување во 2019 година ќе бидат опфатени теми и содржини кои се од приоритетно значење за населението преку организирање собири, трибини и медиуми.

Ќе се одржат предавања на следниве тематски целини:

Хепатити
Инфективни ентероколити
Имунизација
Заштита на животната средина
Сексуално преносливи заболувања
ХИВ/СИДА
Микози
Здрава исхрана
Физичката активност значаен фактор за правилен развој на децата

Со влегување во сила на оваа Програма, престанува да важи Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населениото од заразни болести бр. 08-3185/5 од 14.03.2018 година.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Охрид“.

**Број 08-1620/5** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**05.02.2019 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ЗОНИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПАЗАРНА ВРЕДНОСТ НА НЕДВИЖЕН ИМОТ (ОБЈЕКТИ) НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** одлуката за определување зони за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот (објекти) на подрачјето на општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 05.02.2019 година.

**Број 09-1620/83** **ОПШТИНА ОХРИД**
**05.02.2019 год.** **Вршител на должноста Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/2002), член 5 од Законот за даноците на имот („Сл.весник на РМ“ бр.61/2004...23/2016), член 16 од Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижен имот („Сл.весник на РМ“ бр.54/2012...142/2014) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/2007...14/2014), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 05.02.2019 година, донесе

**ОДЛУКА**

**ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ЗОНИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПАЗАРНА ВРЕДНОСТ НА НЕДВИЖЕН ИМОТ (ОБЈЕКТИ) НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Се определуваат зони за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот (објекти) на подрачјето на општина Охрид, прикажани во табеларниот преглед кој е составен дел на одлуката.

| **ЗОНИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПАЗАРНА ВРЕДНОСТ НА НЕДВИЖЕН ИМОТ ВО ОПШТИНА ОХРИД** | | |
|---|---|---|
| **ЗОНА** | **ЛОКАЛИТЕТ** | **КРАТОК ОПИС** |
| I-ва | улица/селска населба/место викано | дел/пресек |
| **Објект 560- 600 бодови** | Кеј „Македонија“ | прва линија |
| | „Св.Климент Охридски“ | |
| | „Македонски Просветители“ | од пристаниште до пресек со Булевар |

| | | |
|---|---|---|
| | | „Туристичка“ |
| | „Коста Абраш“ | |
| | „Илинденска“ | од мостот до Св.Софија |
| | „Кочо Рацин“ | Канео |
| | „Цар Самуил“ | од плоштад „Св.Климент Охридски“ до пресек со „Методи Патчев“ |
| | „Аргир Маринчев“ | од чаршија до пресек со „Климентов Универзитет“ |
| | „Гоце Делчев“ | дел (Стара чаршија) |
| | „7 Ноември“ | од плоштад „Чинар“ до пресек со Булевар „Туристичка“ |
| | „Партизанска“ | од „Македонски Просветители“ до пресек со „Кузман Јосифоски Питу“ |
| | „Димитар Влахов“ | од „Македонски Просветители“ до пресек со „Мите Богоевски“ |
| | „Кузман Јосифоски Питу“ | |
| | „Ванчо Николески“ | |
| | „Јане Сандански“ | од Кеј „Македонија“ до пресек со „Партизанска“ |
| | „Спас Банцов“ | |
| II-ва | улица/селска населба/место викано | дел/пресек |
| **Објект 510- 550 бодови** | Кеј „Македонија“ | краци |
| | „Климентов Универзитет“ | прва линија |
| | „Методи Патчев“ | |
| | „Цар Самуил“ | од пресек со „Методи Патчев“до крај |
| | „Кочо Рацин“ | освен Канео |
| | „Кузман Капидан“ | |
| | „Григор Прличев“ | |
| | „Браќа Миладиновци“ | |
| | „Илинденска“ | од Св.Софија до Горна порта |
| | „Боро Шајн“ | |
| | „Христо Узунов“ | |
| | „Петар Чауле“ | |
| | „Рашанец“ | |
| | „Охридска Архиепископија“ | |
| | „Аргир Маринчев“ | од пресек со „Климентов Универзитет“ до пресек со „Бранко Шотра“ |
| | „Абас Емин“ | од пресек со „Гоце Делчев“ до Булевар „Туристичка“ |
| | Булевар „Туристичка“ | од „Јане Сандански“ до „Абас Емин“ |
| | „Македонски Просветители“ | од пресек со Булевар „Туристичка“ до крај |

| | | |
|---|---|---|
| | „Даме Груев“ | од „Македонски Просветители“ до пресек со Булевар „Туристичка“ |
| | „Димитар Влахов“ | од „Мите Богоевски“ до Гимназија |
| | „Партизанска“ | од „Кузман Јосифоски Питу“ до „Јане Сандански“ |
| | „Јане Сандански“ | во пресек со „Партизанска“ и Булевар „Туристичка“ |
| | „Славеј Планина“ | во пресек со „Партизанска“ и „Јане Сандански“ |
| | „АСНОМ“ | од Кеј „Македонија“ до пресек со „Партизанска“ |
| | Студенчишта | прва линија |
| | „7 Ноември“ | од Булевар „Туристичка“ до Крст - џамија |
| III-та | улица/селска населба/место викано | дел/пресек |
| **Објект 460-500 бодови** | „Климентов Универзитет“ | краци |
| | „Димче Маленко“ | |
| | „Бранко Шотра“ | |
| | „Аргир Маринчев“ | од пресек со „Бранко Шотра“ до пресек со „Димче Маленко“ |
| | „11 Октомври“ | |
| | „Кирил и Методиј“ | прва линија |
| | „Мите Богоевски“ | |
| | „Војдан Чернодрински“ | |
| | „Страшо Пинџур“ | |
| | „Серафим Китановски“ | |
| | „Гоце Делчев“ | од пресек со „Кирил и Методиј“ до „Пирин Планина“ |
| | „Васил Стефоски“ | |
| | „Абас Емин“ | од пресек со Булевар „Туристичка“ до пресек со „Беќир Али Риза“ |
| | „Партизанска“ | од „Јане Сандански до пресек со „АСНОМ“ |
| | „Славеј Планина“ | крак од пресек со „Јане Сандански“ паралелно со Булевар „Туристичка“ |
| | „АСНОМ“ | од „Партизанска“ до пресек со Булевар „Туристичка“ |
| | Студенчишта | втора линија |
| | Горица | прва линија до св.Стефан |
| | Булевар „Туристичка“ | од пресек со „Абас Емин“ до пресек со „Стив Наумов“<br>од пресек со „Јане Сандански“ до Билјанини извори |

| | | |
|---|---|---|
| | „Караорман“ | од „Димитар Влахов“ до пресек со Булевар „Туристичка“ |
| | „Богомилска“ | во пресек со „Даме Груев“ и Булевар „Туристичка“ |
| | „Даме Груев“ | од пресек со Булевар „Туристичка“ до пресек со „Караорман“ |
| | „Јане Сандански“ | од пресек со Булевар „Туристичка“ до кружен тек Општа болница |
| | „Никола Карев“ | |
| | „7 Ноември“ | од Булевар „Туристичка“ до Крст-џамија - краци |
| IV-та | улица/селска населба/место викано | дел/пресек |
| **Објект 410-450 бодови** | „Нада Филева“ | |
| | „Кирил и Методиј“ | краци |
| | „Андон Дуков“ | |
| | „Вардар“ | |
| | „Пирин Планина“ | |
| | „Гоце Делчев“ | од пресек со „Пирин Планина“ до пресек со „Крум Точков“ |
| | „Крум Точков“ | |
| | „Махмут Рифат“ | |
| | „Бистрица“ | од Езеро до пресек со „Гоце Делчев“ |
| | „Шар Планина“ | од Езеро до пресек со „Гоце Делчев“ |
| | | Станбен комплекс „Даљан“ |
| | „Стив Наумов“ | од „Гоце Делчев“ до пресек со „Дејан Војвода“ |
| | „АСНОМ“ | од пресек со Булевар „Туристичка“ до пресек со „Карпош Војвода“ |
| | Бејбунар | |
| | Горица | втора линија |
| | „Лазо Трпоски“ | |
| | „Галичица“ | |
| | „Мирче Ацев“ | |
| | „Ванчо Питошески“ | |
| | „Сирма Војвода“ | |
| | „Карпош Војвода“ | |
| | „8 Септември“ | |
| | Булевар „Туристичка“ | од пресек со „Абас Емин“ до пресек со „Стив Наумов“ |
| | „Даме Груев“ | од пресек со „Караорман“ до „Питу Гули“ |
| | „Абас Емин“ | од пресек со „Беќир Али Риза“ до пресек со „Анастасија Узунова“ |

| | | |
|---|---|---|
| | „Дејан Војвода“ | од пресек со „Абас Емин“ до пресек со „Македонски Просветители“ |
| | | „Христо Узунов“ станбен комплекс („Богомилска“, „Даме Груев“, „Ѓорче Петров“) |
| | „7 Ноември“ | од Крст -џамија до пресек со „Егејска“ |
| V-та | улица/селска населба/место викано | дел/пресек |
| **Објект 360-400 бодови** | „Гоце Делчев“ | од пресек со „Крум Точков“ до „Бистрица“ |
| | „Пере Тошев“ | |
| | „Ѓорѓи Ѓорески“ | |
| | „Петар Поп Арсов“ | |
| | „Илија Дуданоски“ | |
| | „Ариф Мустафа“ | |
| | „Бистрица“ | од пресек со „Гоце Делчев“ до Булевар „Туристичка“ |
| | „Шар Планина“ | од пресек со „Гоце Делчев“ до крај |
| | „Сатеска“ | |
| | Булевар „Туристичка“ | од пресек со „Стив Наумов“ до Распаќе |
| | „Дејан Војвода“ | во пресек со Булевар „Туристичка“ , „Абас Емин“ и „Стив Наумов“ |
| | „Богомилска“ | пресек со „Марко Несторoски“ |
| | „7 Ноември “ | од Крст -џамија до „Егејска“ и краци |
| | „Абас Емин“ | од „Беќир Али Риза“ до „Анастасија Узунова“ |
| | „Беќир Али Риза“ | со згради „Слобода“ |
| | „Егејска“ | |
| | Болнички станбен комплекс | |
| | „Св.Наум Охридски“ | до Лагадин |
| | Св.Стефан | |
| VI-та | улица/селска населба/место викано | дел/пресек |
| **Објект 310-350 бодови** | „Гоце Делчев“ | од „Бистрица“ до „Н.П. Русински“ |
| | „Ариф Мустафа“ | Прва линија |
| | „Хаџи Мустафа“ | |
| | „Никола Петров Русински“ | |
| | „Мичо Гилиќ“ | |
| | „Трајче Трајчески“ | |
| | „Абас Емин“ | од пресек со „Анастасија Узунова“ до „Железничка“ |

| | | |
|---|---|---|
| | „Анастасија Узунова“ | |
| | „Тетовска“ | |
| | „Бистрица“ | од пресек со Булевар „Туристичка“ до „Железничка“ |
| | „Стив Наумов“ | од пресек со „Дејан Војвода“ до „Јабланица“ |
| | „7 Ноември“ | од „Егејска“ до АМСМ |
| | „Марко Цепенков“ | од кружен тек болница до пресек со „Вангел Николоски“ |
| | „Марко Несторoски“ | од Крст -џамија до пресек со „Васил Главинов“ |
| | „Питу Гули“ | од кружен тек Општа болница до „Марко Несторoски“ |
| | Лагадин | Прва линија на објекти кои излегуваат на главен пат и се во близина на Езеро |
| VII-та | | |
| **Објект 260-300 бодови** | „Гоце Делчев“ | Од „Никола П.Русински“ до Распаќе |
| | „Питу Гули“ | од пресек со „Марко Несторoски“ до „7 Ноември“ |
| | „Питу Гули“ | краци до „Марко Несторoски“ |
| | „Дебарца“ | |
| | „Александар Гушо“ | |
| | „1 Мај“ | |
| | „Марко Несторoски“ | од пресек со „Васил Главинов“ до пресек со „Трајче Дојчиноски“ |
| | „Ѓорче Петров“ | главна улица |
| | „Марко Цепенков“ | од „Вангел Николоски“ до пресек со „Момчило Јорданоски“ |
| | „Абас Емин“ | краци |
| | „Охридска Бригада“ | |
| | „Дејан Војвода“ | крак во пресек со „Крали Марко“ |
| | „Стив Наумов“ | од пресек со „Јабланица“ до „8 Март“ |
| | „Јабланица“ | |
| | „Железничка“ | од АМСМ до „Егејска“ |
| | „Кленоец“ | од пресек со „Питу Гули“ до „Железничка“ |
| | Рача | над Хидробиолошки и Мегдани |
| | населба „Исток“ | прв ред на објекти кои излегуваат на главен пат и се во близина на Езеро |
| | Лагадин | |
| VIII-ма | улица/селска населба/место викано | дел/пресек |

| | | |
|---|---|---|
| **Објекти 210-250 бодови** | „Хаџи Мустафа“ | од Булевар „Туристичка“ кон Лакочереј |
| | Распаќе | |
| | | крајбрежен појас до „Андон Дуков“ |
| | „Охридска Бригада“ | краци |
| | „Стив Наумов“ | од пресек со „8 Март“ до Винарска визба |
| | „Кузман Шапкарев“ | |
| | „Ѓорче Петров“ | краци |
| | „Васил Главинов“ | |
| | „Крсте Петков Мисирков“ | |
| | „Питу Гули“ | краци од „Марко Несторoски“ до „7 Ноември“ |
| | „Вангел Николоски“ | |
| | „Трајче Дојчиноски“ | |
| | „Марко Цепенков“ | од пресек со „Момчило Јорданоски“ до „Стобекс“ |
| | „Момчило Јорданоски“ | главна улица |
| | „I МУБ“ | од „Трајче Дојчиноски“ до „Стобекс“ |
| | „XV Корпус“ | до „Ирина Гинова Мирка“ |
| | „Железничка“ | од „Егејска“ до „8 Март“ |
| | „Кленоец“ | од „Железничка“ до крај |
| | „Будва“ | |
| | „Винковачка“ | |
| | „Прилепска“ | до „Будва“ |
| | Рача | населба |
| | Коњско | населба |
| | Елшани | Вилска населба |
| | Пештани | прв ред на објекти кои излегуваат на главен пат и се во близина на Езеро |
| | Трпејца | објекти на прва линија на Езеро |
| IX-та | улица/селска населба/место викано | дел/пресек |
| **Објекти 160-200 бодови** | „Момчило Јорданоски“ | краци |
| | „Марко Цепенков“ | краци |
| | „Ристо Чадо“ | главна улица |
| | „XV Корпус“ | од „Ирина Гинова Мирка“ до Лескоец |
| | „Ирина Гинова Мирка“ | |
| | „Живко Чинго“ | до Отпад |
| | „Кленоец“ | краци |
| | „Српница“ | |
| | „Веле Марков“ | |
| | „Стив Наумов“ | краци |
| | „Крали Марко“ | главна улица |

| | | |
|---|---|---|
| | „Железничка“ | од „8 Март“ до крај |
| | „Прилепска“ | од „Будва“ до крај |
| | „8 Март“ | Главна улица |
| | Чекоштина | од главен пат до „Сончева порта“ |
| | Велестово | објекти на главен пат |
| | Пештани | објекти кои не се на главен пат и се во централниот дел од селото |
| | Љубаништа | Вилска населба и покрај Езеро |
| X-та | улица/селска населба/место викано | дел/пресек |
| **Објекти 125-150 бодови** | „Париска Комуна“ | |
| | „Партизански одреди“ | |
| | „АРМ“ („22 Декември“) | |
| | „Димо Хаџи Димов“ | |
| | „Малесија“ | |
| | „Ристо Чадо“ | краци |
| | „I МУБ“ | од „Стобекс“ до Рамне |
| | „Андреја Јованоски“ | |
| | „Александар Турунџев“ | |
| | „Живко Чинго“ | од Отпад до крај |
| | Лескоец | објекти на главен пат |
| | „Крали Марко“ | краци |
| | „8 Март“ | краци |
| | Чекоштина | објекти на периферија |
| | „Петрино“ | |
| | „Радојца Новичиќ“ | до „28 Април“ |
| | Рача | објекти на периферија на населба |
| | Велестово | село |
| | Долно Коњско | објекти на периферија на село |
| | Пештани | објекти околу училиштето |
| | Трпејца | објекти на периферија на село |
| | Љубаништа | село |
| | Велгошти | објекти на главен пат |
| XI-та | улица/селска населба/место викано | дел/пресек |
| **Објекти 105-120 бодови** | „Ѓорѓи Сугаре“ | |
| | „Радојца Новичиќ“ | од „28 Април“ до крај |
| | „130“ | |
| | „VI Бригада“ | |
| | „28 Април“ | |
| | Велгошти | објекти во споредни улици |
| | Лескоец | објекти кои не излегуваат на главен пат |
| | Подмоље | објекти на главен пат |
| | Долно Шипокно | |

| | | |
|---|---|---|
| | Елшани | објекти околу училиштето |
| | Љубаништа | објекти на периферија |
| XII-та | улица/селска населба/место викано | дел/пресек |
| **Објекти 85-100 бодови** | Велгошти | објекти на периферија |
| | Лескоец | објекти на периферија на село |
| | Косел | објекти на главен пат |
| | Елшани | периферија на село |
| | Подмоље | објекти во споредни улици |
| XIII-та | улица/селска населба/место викано | дел/пресек |
| **Објекти 55-80 бодови** | Косел | објекти во внатрешноста на селото |
| | Подмоље | објекти на периферија |
| | Долно Лакочереј | |
| | Орман | |
| XIV-та | улица/селска населба/место викано | дел/пресек |
| **Објекти 45-50 бодови** | Косел | објекти на периферија на село |
| | Горно Лакочереј | |
| | Рамне | |
| | Горно Коњско | |
| | Горно Шипокно | село |
| XV-та | улица/селска населба/место викано | дел/пресек |
| **Објекти 35-40 бодови** | Скребатно | |
| | Вапила | |
| | Сирула | |
| | Ливоишта | |
| | Расино | |
| | Опеница | |
| | Куратица | |
| | Речица | |
| | Свињишта | |
| | Завој | |
| | Плаќе | |

**Член 2**

Проценувачите од областа на недвижен имот, вработени во Општина Охрид се придржуваат кон утврдените бодови за зони, донесени од министерот за транспорт и врски со право да применуваат бодови за ПОДЗОНИ во рамките на определена зона која е составен дел на оваа одлука во зависност од конкретната локација на недвижен имот во рамките на зоната.

**Член 3**

Бодовите по одредени зони се однесуваат на сите објекти, освен на помошните објекти и на гаражите.

**Член 4**

За населените места за кои не постои урбанистичка документација, а за кои се применуваат одредбите од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл.весник на РМ“ бр.23/2011...190/2017) и во согласност со ЗОУП („Сл.весник на РМ“ бр.145/2015) ќе се врши проценка според зонирањето на оваа одлука.

**Член 5**

Со влегувањето на сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката број 07 - 3186/15 од 02.07.2013 година.

**Член 6**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-1620/6**
**05.02.2019 година**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПРОСЕЧНА ЦЕНА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПАЗАРНА ВРЕДНОСТ НА ГРАДЕЖНОТО (НЕИЗГРАДЕНО И ИЗГРАДЕНО) ЗЕМЈИШТЕ ЗА КАЛЕНДАРСКАТА 2019 ГОДИНА УТВРДЕНА ВРЗ ОСНОВА НА ИЗВРШЕНИТЕ КУПОПРОДАЖБИ ВО ПРЕТХОДНАТА ГОДИНА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** одлуката за определување на просечна цена за утврдување на пазарна вредност на градежното (неизградено и изградено) земјиште за календарската 2019 година утврдена врз основа на извршените купопродажби во претходната година на подрачјето на општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 05.02.2019 година.

**Број 09-1620/84**
**05.02.2019 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Вршител на должноста Градоначалник**
**д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/2002), член 5 од Законот за даноците на имот („Сл.весник на РМ“ бр.61/2004...23/2016), член 12 од Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижен имот („Сл.весник на РМ“ бр.54/2012...142/2014) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/2007...14/2014), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 05.02.2019 година, донесе

## О Д Л У К А
### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПРОСЕЧНА ЦЕНА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПАЗАРНА ВРЕДНОСТ НА ГРАДЕЖНОТО (НЕИЗГРАДЕНО И ИЗГРАДЕНО) ЗЕМЈИШТЕ ЗА КАЛЕНДАРСКАТА 2019 ГОДИНА УТВРДЕНА ВРЗ ОСНОВА НА ИЗВРШЕНИТЕ КУПОПРОДАЖБИ ВО ПРЕТХОДНАТА ГОДИНА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД

**Член 1**

Со оваа одлука се определува просечната цена за утврдување на пазарна вредност на градежното (неизградено и изградено) земјиште врз основа на извршените купопродажби од претходната година на подрачјето на општина Охрид, прикажана во табеларниот преглед, кој е составен дел на оваа одлука.

<table>
<tr><th colspan="3">ЗОНИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПАЗАРНА ВРЕДНОСТ НА НЕДВИЖЕН ИМОТ ВО ОПШТИНА ОХРИД</th></tr>
<tr><th>ЗОНА</th><th>ЛОКАЛИТЕТ</th><th>КРАТОК ОПИС</th></tr>
<tr><td>I-ва</td><td></td><td></td></tr>
<tr><td rowspan="5">градежно изградено земјиште 25.000,00 денари/м2<br>________<br>градежно неизградено земјиште 36.000,00 денари/м2</td><td>Кеј „Македонија“</td><td>прва линија</td></tr>
<tr><td>„Св.Климент Охридски“</td><td></td></tr>
<tr><td>„Македонски Просветители“</td><td>од пристаниште до пресек со Булевар „Туристичка“</td></tr>
<tr><td>„Коста Абраш“</td><td></td></tr>
